Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

2024

Извадок на ден од дневни настани 10.06.2024

На 09.06.2024 во 19.50 часот на локален пат за с.Ростуше, гостиварско, полициски службеници од ОВР Гостивар ја лишиле од слобода В.Т.(56) од с.Ростуше. Таа се сонници дека околу 19.30 часот од спортска обложувалница во с.Ростуше одзела пари од дневниот промет. Парите биле пронајдени и вратени на сопственикот, а лицето било приведено во полициска станица. По целосно документирање на случајот, против неа ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 09.06.2024 во 23.40 часот на ул„101" во Гостивар, полициски службеници од ОВР Гостивар ги лишиле од слобода А.З.(20), А.К.(19), двајцата од Гостивар и К.Ж.(19) од с.Србиново, гостиварско, затоа што при преглед кај нив, кај А.З. биле пронајдени и одземени марихуана и дробилка. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 09.06.2024 во 15.00 часот на подрачјето на патот од с. Бањани кон манастирот Св. Илија, скопско, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.М.(26) од с.Горно Оризари, скопско, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 09.06.2024 во 17.30 часот, полициски службеници од СВР Скопје ја лишиле од слобода А.А.(40) од Скопје затоа што кај неа била пронајдена марихуана, која се обидела да ја внесе во Казнено - поправна установа Затвор Идризово при посета на својот сопруг – осуденик во установата. Таа била предадена во Полициската станица Гази Баба за понатамошна постапка, а по целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 09.06.2024 на ул.„Кузман Јосифовски" во Битола, полициски службеници од СВР Битола ги привеле Ш.Е.(20) од Република Албанија затоа што при пасошка контрола било констатирано дека во неговата патна исправа недостигат страници. Тој бил предаден на полициски службеници од Одделението за прекуграничен криминал и миграции Скопје за понатамошна постапка.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (09.06.2024) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 104 мерки, меѓу кои за возење без возачка дозвола 18 санкции, 29 мерки за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикл, седум санкции за користење мобилен телефон при возење.

Изречени се 11 мерки за некористење сигурносен појас, четири санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло)...

Во текот на вчерашниот ден (09.06.2024) во периодот од 14.00 до 20.00 часот Секторот за сообраќајни работи при Одделот за униформирана полиција Биро за јавна безбедност и Мобилната единица за безбедност на сообраќајот на патиштата спроведоа акциска контрола на територија на Куманово, за санкционирање на возачи кои не ги почитуваат сообраќајните правила и прописи. При контролата санкционирани се 113 возачи, од кои 43 за возење без возачка дозвола, три санкции поради измината важност на сообраќајната дозвола, 26 мерки за некористење заштитна кацига при возење мотоцикл... На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци.

На 09.06.2024 во 19.50 во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Македонско - косовска бригада" во Скопје, патничко возило „фолксваген туран" со скопски регистарски ознаки, управувано од А.Б.(23) удрило во пешак К.А.(74), двајцата од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил пешакот К.А., констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" - Скопје. Извршен бил увид на увидна екипа од СВР Скопје.

Денеска (10.06.2024) во 04.15 часот во Полициската станица Гостивар било пријавено дека на регионалниот пат Гостивар – с.Падалиште, во с.Беловиште, патничко возило „мерцедес" со гостиварски регистарски ознаки, управувано од Ј.Ј.(54) од Гостивар, излетало од патот и паднало во Лакавичка река. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот, додека со телесни повреди се здобил неговиот сопатник А.Ф.(52) од Гостивар, констатирани во Медицински центар Гостивар. По овластување на јавен обвинител извршен бил увид на увидна екипа од ОВР Гостивар.

На 09.06.2024 во 17.30 часот во СВР Тетово било пријавено дека околу 16.00 часот на регионалниот пат Скопје – Тетово, И.М.(22) од с.„Мала Речица, тетовско, управувајќи мотоцикл „пиаџо" со тетовски регистарски ознаки, изгубил контрола и паднал на патот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот констатирани во Клиничка болница Тетово. За настанот бил известен јавен обвинител, а увид извршила екипа од СВР Тетово.

На 09.06.2024 во 12.30 часот во Полициската станица Центар, Р.К.(22) од Струмица пријавил дека на ул. „Ѓорѓи Пешков" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 09.06.2024 во 05.00 часот во Полициската станица Карпош, В.С.(40) од Скопје пријавил дека во Градски парк Скопје бил каснат од куче скитник.

На 09.06.2024 во 12.20 часот во Полициската станица Аеродром,, Р.С.(20) од Скопје пријавила дека на ул.„Коста Новаковиќ" во Скопје била каснат од куче скитник.

Надворешна канцеларија за криминалистички работи Берово поднесе кривична пријава против В.В.(54) од Берово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 27.12.2023, полициски службеници извршиле претрес кај пријавениот, при што биле пронајдени и одземени пиротехнички средства.

На 09.06.2024 во 23.45 часот во СВР Охрид е пријавено дека во Општата болница во Охрид со повреди од остар предмет бил примен И.М.(30) од село Слатино, општина Дебрца. Според пријавното, во близина на спортска обложувалница на улица „Гоце Делчев" во Охрид бил нападнат од две лица, кои со остар предмет му нанеле убодни рани. Се преземаат мерки за расчистување на настанот, по што, против напаѓачите ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 08/09.2024 во периодот од 22.00 до 04.00 часот на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол. За време на контролата биле констатирани 14 прекршоци. Санкционирани биле и 24 други видови на прекршоци.

На 09.06.2024 во периодот од 12.00 до 16.00 часот, при сообраќајни контроли на подрачјето на Струга, полициските службеници затекнале 07 возачи кои во населено место управувале мотори возила со брзина поголема од дозволената. Против нив се поднесени соодветни прекршочни платни налози.

Поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење", СВР Охрид поднесе кривична пријава против С.В.(44) од Охрид. Тој, на катарстарска парцела во охридското село Рамне, неовластено и без соодветна документација за градба, издадена од надлежен државен орган, започнал со градба на семејна куќа.

На 09.06.2024 во 17.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Кисела Вода во Скопје бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу М.И.(56), С.И.(45), двајцата од с.Батинци, скопско и А.Н.(53) од с.Чифлик, скопско, од една страна и Џ.Н.(47) од с.Чифлик од друга страна. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 09.06.2024 во 23.00 часот во СВР Скопје, М.Д.(42) од Скопје пријавил дека околу 21.40 часот пред продавен објект на подрачјето на општина Аеродром во Скопје, неговиот малолетен син бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на настанот.

ОВР Прилеп поднесе кривична пријава против А.С.(44) од с.Канатларци, прилепско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „предизвикување општа опасност". Поради претходно нарушени меѓусебни односи, пријавениот со запалива течност предизвикал пожар на површина со трева во дворното место на лице од од с.Канатларци.

На 09.06.2024 во 21.15 часот во СВР Скопје, С.Т.(19) од Скопје пријавил дека во дворното место на подрачјето на Ѓорче Петров во Скопје бил физички нападнат од А.А., кој употребил и тврд предмет. Подоцна, З.А.(55) од Скопје, исто така, пријавил дека околу 20.30 часот во дворот од семејната куќа на подрачјето на Ѓорче Петров во Скопје бил физички нападнат од С.Т.(19). По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 09.06.2024 во 18.10 часот во СВР Скопје, М.В.(75) од Скопје пријавил дека околу 18.00 часот во дворот на семејниот дом на подрачјето на Гази Баба, поради меѓусебно нетрпение и нарушени соседски односи, бил физички нападнат од соседот А.Р.(23) од Скопје, кој подоцна му оштетил и прозорец од домот. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

СВР Битола поднесе кривична пријава против И.А.(36), В.А.(34) и Е.Р.(34), сите од Битола, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 05.06.2024 во угостителски објект во Битола, пријавените физички ги нападнале И.Ј. и Д.С. од Битола.

На 09.06.2024 во 10.30 часот во СВР Скопје, Т.Н.(46) од Скопје пријавил дека на 08.06.2024 околу 18.50 часот на подрачјето на општина Аеродром, малолетник одзел паричник на неговиот малолетен син. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.06.2024 во СВР Скопје било пријавено дека околу 22.55 часот во спортска обложувалница на подрачјето на Центар во Скопје, едно лице со закана да вработената одзело пари од дневниот промет. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје и се презеаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.06.2024 во 20.30 часот, М.А.(30) од Кичево во полициска станица пријавила дека на булевар „Ослободување" во Кичево била каснат од куче скитник.

На 09.06.2024 во 19.20 часот во Полициската станица Гевгелија, Ј.Ц.(42) од Гевгелија пријавила дека во близина на угостителски објект во Гевгелија била каснат од куче скитник.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (0)23112468 e-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет